**ЗАПИСНИК**

**од прво продолжение на 30-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржано на 07.09.2016 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски, претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи, заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Методија Јанчески, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** /

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручна служба:** м-р Драгица Љубевска, м-р Магдалена Давидовска Довлева, Горан Радуновиќ, м-р Ивона Муфишева Алексовска, м-р Арбен Саити, Арѓенд Џелили, м-р Ружица Бошнаковска Јотевска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски го отвори првото продолжение на 30-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 12:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

На седницата единствена точка на Дневен ред беше Предлог-записникот од 29-та седница на Советот на Агенцијата, кој беше одложен заради технички проблем со аудио/видео седницата.

Г-дин Петрушевски, објасни дека во меѓувреме Стручната служба обезбедила голем дел од снимката во оригинал и го подготвила предложениот записник.

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од 29-та седница на Советот на Агенцијата на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 26.08.2016 година.

**Точка 1**

Г-дин Фиданоски, имаше забелешка на страна 5 од Записникот, во еден дел од неговата дискусија и предложи една негова реченица да се преформулира за да не се појавува тавтологија.

Советот на Агенцијата, со предложената забелешка од г-дин Фиданоски, со 6 гласа „за“ и еден воздржан глас од г-дин Фетаи, го усвои предложениот Записник од 29-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 26.08.2016 година, со текст како што беше предложен.

Подготвил: м-р Ружица Бошнакоска Јотевска
Контролирал: Маја Дамевска

Согласен: м-р Драгица Љубевска

Бр. 02-4225/8
________ 2016 година
С к о п ј е

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
Претседател на Советот

Лазо ПЕТРУШЕВСКИ